Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Совет за безбедност и здравје при работа

International Labour Organization

# 28 април – Светски ден на безбедност и здравје при работа




**26 април 2024 година**
хотел: **Александар Палас** – Скопје
**почеток: 09:30 часот**

По повод 28 април – Светскиот ден на безбедност и здравје при работа, Министерството за труд и социјална политика, Советот за безбедност и здравје при работа и Меѓународната организација на трудот Ве поканувааат на пригоден настан за одбележување на овој значен датум.

Сведоци сме на очигледни глобални климатски промени кои се случуваат насекаде на планетата. Резултат на тоа се сѐ почестите временски и климатски екстремни појави – изразито силни и чести топлотни бранови, силни врнежи, шумски пожари, поизразени сушни периоди итн. Никако не смее да се занемари фактот дека ваквите појави сериозно влијаат врз безбедноста и здравјето на работниците, кои честопати се и првите кои се изложени на овие опасности и тоа обично со изложеност која е подолготрајна и поинтензивна отколку на општата популација.

**„Да овозможиме безбедна и здрава работа во време на климатски промени!“**

## Дневен ред

**09:00 - 09:30** Пристигнување и регистрација на учесниците

**09:30 - 10:00** Одбележување на „28 април - Светскиот ден на БЗР“ – Воведни обраќања

- ***Ѓоко Велковски***, *Министер за труд и социјална политика*
- ***Владанка Трајкоска***, *Претседателка на ОРМ*
- ***Слободан Трендафилов***, *Претседател на ССМ*
- ***Емил Крстановски***, *Национален координатор – МОТ*

Модератор: *Проф. д-р.* ***Јасмина Чалоска***, *Претседателка на Советот за БЗР*

***Климатските промени и безбедноста и здравјето при работа***

**10:00 - 11:00** „Добредојдовте во климатската криза“

- **Горјан Јовановски**, Софтверски инженер и Еко-активист, Основач на AirCare и EarthCare.ai

„Работа на отворено и здравје на работниците“

- **Проф. д-р Драган Мијакоски**, *Институт за медицина на трудот*

„Превентивни мерки за заштита при работа во услови на екстремни температури“

- **Билјана Ставреска**, *стручно лице за безбедност при работа, Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ - Скопје*

Модератор: ***Дарко Дочински***, *Помошник раководител на сектор, Министерство за труд и социјална политика*

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

**Совет за безбедност и здравје при работа**

International Labour Organization

| | |
|---|---|
| **11:00 - 11:30** | Кафе пауза |
| **11:30 - 12:30** | Тркалезна маса / дискусија „Потребата од до-регулирање на прашањата поврзани со работата на отворено и влијанието на климатските услови врз безбедноста и здравјето на работниците“ |

- воведен збор/излагање од претставник од Државниот инспекторат за труд
- *дискусија*

Модератор: ***Дарко Дочински**, Помошник раководител на сектор, Министерство за труд и социјална политика*

| | |
|---|---|
| **12:30** | Коктел |




Опасностите поврзани со климатските промени се имаат бројни негативни здравствени ефекти, вклучувајќи повреди на вработените, појава на канцер, кардиоваскуларни болести, респираторни состојби, проблеми со менталното здравје.

Анализата на **Меѓународната организација на трудот (МОТ)** идентификува шест клучни влијанија на климатските промени врз БЗР, избрани врз основа на нивната сериозност и силата на ефектите врз работниците:

- прекумерна топлина,
- ултравиолетово (УВ) зрачење,
- екстремни временски настани,
- загадување на воздухот на работното место,
- вектор-преносливи болести и
- промени во агро-хемиската употреба.

Извештајот дава и примери на добри пракси како одговор на овие опасности - политики и стратегии, закони, колективни договори, технички упатства, иницијативи за обука и советување, кампањи за подигнување на свеста и мерки на ниво на работно место.

Промовирањето, почитувањето и остварувањето на основниот принцип и право на работа во безбедна и здрава работна средина, исто така значи и соодветно справување со опасните влијанија од климатските промени на работното место.

International Labour Organization

#ƎSAP
The Employment and Social Affairs Platform 3
is funded by the European Union

This project is funded by the European Union

Повеќе информации и ресурси поврзани со темата може да најдете на web-страницата на МОТ посветена на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа: ilo.org/safeday